ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„БЛАЖЕ КОНЕСКИ“
ОПШТИНА АЕРОДРОМ СКОПЈЕ

БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ
со објавување на јавен оглас за избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“, Скопје АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ

Скопје, октмоври, 2025

ООУ „Блаже Конески“, Скопје *АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ*

ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Почитувани,

ООУ **„Блаже Конески“,** со адреса на ул„Венјамин Манчуковски”, бр.4, 1000 Скопје, телефон за контакт 02/2469-746, електронска пошта **blaze_koneski1@yahoo.com**, има потреба од избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основното училиште „Блаже Конески“.
За таа цел, договорниот орган спроведува постапка за доделување на договор за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности со барање за прибирање на понуди со објавување на јавен оглас.

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведениот предмет на договорот за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности најдоцна до **04.11.2025год** лично со поднесување во архивата на договорниот орган.

Со оваа покана Ви доставуваме покана за понуда која ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши **на 04.11.2025год во 13,00 часот во просториите на ООУ „Блаже Конески“,**

Однапред благодариме на соработката.

Во Скопје,
октомври, 2025 година

Комисија за прибирање на понуди
Претседател
Марјана Зејнилоски

1.2 Договорен орган

1.2.1 Договорен орган е ООУ „Блаже Конески“,, со седиште на адреса: ул. „Венјамин Манчуковски” бр.4, 1000 Скопје, телефон за контакт 02/2469-746, електронска пошта **blaze_koneski1@yahoo.com** .

1.2.2 Лице за контакт кај договорниот орган е Николина Митев, секретар, телефон 078/305-842 електронска пошта **blaze_koneski1@yahoo.com.**

1.3 Предмет на договорот за избор на понудувач за организирање на:

Програмска содржина	Време	Место	Очекувани резултати
Еднодневен есенски излет	октомври (I -IXодд.)	Место - Водно - Скопје	
Еднодневен пролетен излет	Мај (I -Vодд.)	Место - излетничко место Гази Баба - Скопје	
Еднодневен пролетен излет	Мај (VI -IXодд.)	Место - излетничко место Гази Баба	
Еднодневна екскурзија	Мај III одд.	Тетово	
Настава во природа V одд	Мај V одд.	Западна Македонија	
Дводневна екскурзија	Мај VI одд.	Источен дел на Р. С. Македонија	
Тродневна екскурзија	Мај IX одд	Западниот дел на Р.С. Македонија	

ПРОГРАМА ЗА ЕКСКУРЗИИ ПО ОДДЕЛЕНИЈА

1.3.1 Предмет на договорот е избор на понудувач за организирање на еднодневна, дводневна, тродневна екскурзија, настава во природа и излет за учениците од основното училиште „Блаже Конески“- Скопје

1.3.2. Предметот на договорот **е делив**. Предметот на договорот е делив на делови како што е дефинирано во техничките спецификации. Понудувачот може да даде понуда за сите делови од предметот на договорот за избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основното училиште „Блаже Конески“- Скопје

I. Училиштето организира излет за сите ученици (I-IXодд.) во есен и пролет (до 30 километри оддалеченост од општината во која се наоѓа основното училиште за учениците од I до III одд и до 50 километри оддалеченост од општината во која се наоѓа основното училиште за учениците од IV до IX одд), а се изведува во поблиската околина во траење од еден ден.

Содржини и активности

Програмска содржина	Време	Место	Очекувани резултати
Излет во блиска околина	октомври (I - IXодд.)	**Место - излетничко место Водно - Скопје**	Да овозможи одмор и рекреација на децата
Излет во блиска околина	Мај (I - Vодд.)	**Место - излетничко место Гази Баба- Скопје**	Да овозможи одмор и рекреација на децата
Излет во блиска околина	Мај (VI - IXодд.)	**Место - излетничко место Гази Баба**	Да овозможи одмор и рекреација на децата

Се предвидуваат реализацијата на излетот да биде во два дена и тоа прв ден учениците од одделенска настава (I до V) и втор ден учениците од предметна настава (VI до IX) за остварување на наведените цели:

Место на поаѓање: пред училиште ООУ„Блаже Конески“ Скопје
Време на поаѓање: 8,00 часот (учениците да бидат на местото на поаѓање во 7,30 часот).
Маршута на патувањето
1.1 Скопје – **излетничко место Водно** - Скопје.
- еднодневен излет во излетничко место Водно – Скопје

1. од 07:30 часот до 08:00 постројување на учениците по одделенија од прво до петто одделение и вториот ден од шестто до деветто одделение и нивно безбедно сместување по назначен распоред во автобусот за патување;
2. 08:00 Организирано тргнување од пред училиштето **ООУ „Блаже Конески“** до назначеното место најдоцна до 09:15 часот;
3. 09:00 пристигнување и внимателно сместување на отворен простор;
4. од 09:00 до 13:00 - активности:
5. 13:30 часот организирано сместување во автобус по назначен редослед;
6. До 14:00 тргнување и враќање до ООУ „Блаже Конески“

1.2 Скопје – **излетничко место Гази Баба**- Скопје.
- еднодневен излет во излетничко место Гази Баба– Скопје

1. од 07:30 часот до 08:00 постројување на учениците по одделенија од прво до петто одделение и вториот ден од шестто до деветто одделение и нивно безбедно сместување по назначен распоред во автобусот за патување;
2. 08:00 Организирано тргнување од пред училиштето **ООУ „Блаже Конески“** до назначеното место најдоцна до 09:15 часот;
3. 09:00 пристигнување и внимателно сместување на отворен простор;
4. од 09:00 до 13:00 - активности:
5. 13:30 часот организирано сместување во автобус по назначен редослед;
6. До 14:00 тргнување и враќање до ООУ „Блаже Конески“

Техничка организација :
- Техничката организација ќе ја реализира туристичката агенција која ќе добие на тендер.
- Осигурување на учениците;

Начин на финансирање
- Директно на трансакциска сметка на агенцијата

II СОДРЖИНА И АКТИВНОСТИ НА ЕДНОДНЕВНА НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

Прв ден

Реден број	Локации за посета и правци на патување	Наставни цели	Активности
1.	Тргнување од училиштето во утринските часови во 8:30	- развој на социјализација и стекнување на искуства за осамостојување; - запознавање со убавините во Република С.Македонија - водење на грижа за себе; - запознавање со историското минато на македонскиот народ	
2.	Посета на градот Тетово	- запознавање со убавините во Република С. Македонија и нејзиното природни убавини - запознавање со одликите на животната средина; - всадување на здрави еколошки навики - градење еколошки навики за заштита на животната средина - стекнување на нови знаења за историското минато и значењето на знаменитости во Тетово,историски локалитети и споменици од минатото; - учење по пат на набљудување и истражување на дадени теми и задачи; - учење преку посета на историски објекти и запознавање со нивното значење; - учење и негување на историјата и традицијата на нашиот народ.	Систематизи-рање на знаењата од природните убавини на Македонија и нејзуните културно - историски знаменитости;

Времетраење на екскурзијата: Еднодневна екскурзија
Време на реализација во учебната година: Мај 2025 година (точниот избор на времето ќе зависи од временските околности).
Локации за посета и правци на патување:
Тргнување од училиштето;

1. **Тетово**
2. **Посета на Шарената Џамија;**
3. **Посета на Лешочки манастир,**
4. **Посета на црква Свети Атанасиј**
5. **Посета на Арабати Баба Теќе**

6. **Пристигнување (враќање) во Скопје во попладневните часови на училишниот паркинг околу 17:00 часот**

Техничка организација и начин на финансирање:

- ООУ „Блаже Конески„ Аеродром - Скопје спроведува постапка за прибирање на понуди од ТА за изведување на еднодневната екскурзија.
- Осигурување на учениците;
- **Реализација на ескуризјата без паричен надоместок за најмалку шест ученици од социјално ранливи категории**
- Високотуристички автобус со лиценциран водич
- Постапката ја спроведува комисијата за екскурзии составена од наставници избрана од работодавниот орган на училиштето и членови од Советот на родители.
- Самофинансирање од страна на родителите преку уплатување на жиро-сметката на туристичка агенција.
- Одделенски наставници: Венера Николовска III-1, Софија Димитровска и Елена Пешовска III-2 , Ана Ѓурчиновска и Соња Ѓеговска III-3 одд , Тања Томовска Герасимовска и Слаѓана Петковска III- 4 одд , Александра Камчевска и Александра Стевановски III-5 одд.

III. ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА ВО ПЕТТО ОДД. ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОД.

ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА

ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:

- Учениците изворно да се здобијат со знаења, претстави и поими во природната средина и истите да се дополнуваат, потврдуваат и систематизираат со примена и користење на современи педагошки форми и методи на работа.

- Развивање на способнст за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, согледување и сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина.

- Продлабочување проширување и збогатување на ученичкото искуство за откривање на нови знаења преку организирање на истражувачки постапки.

- Развивање љубов и почит кон татковината, нејзините убавини и историското минато.

- Учениците подобро меѓусебно да се запознаат, да се продлабочи другарството и да се надминат социјалните и националните разлики.

•Да се развиваат и негуваат индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста.

•Развивање смисла за убавото, чување на природата и духовните богатства, формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

ЗАДАЧИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА:

•Посета на културно – историскитеместа и споменици;

•Набљудување на природните убавини и богатства на нашата татковина;

•Истражување на културното , духовното и историското значење на местата кои ги посетуваат учениците;

•Усовршување на способноста за: на насочено внимание, воочување, селективно воочување и бележење на детали и податоци;

•Развивање : љубопитност, досетливост, упорност и истрајност, свест за зачувување на природата, природните реткости и други духовни и материјални вредности;

•Да се негува и развива: индивидуалната, тандемска и групна работа меѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста;

•Организирање ученички работилници во корелација со наставните премети;

•Развивањенаправилни хигиенско – здраствени навики и поттикнување на самостојност во одржувањето и изведувањето на личната хигиена и грижа за себеси;

•Потикнување и создавањенанавикизанегување на редовни физички активности и за почесто престојување во природа;

•Формирање на навики за редовна и правилна исхрана;

•Запознавање со начинот на живот и работата на луѓето во населеното место;

•Подобрување на здравјето и развивање на физичките и моторичките способности кај учениците;

За реализација на поставената цел, образовните и воспитните задачи ќе се ангажираат наставниците од петто одделение, одделенска настава.

2. ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ, СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИ

Охрид
ПРВ ДЕН

- 08.00часот – организирано тргнување од пред училиштето релација Скопје – Тетово – Гостивар – Дебар – Струга - Охрид
- По пат се предвидува посета на Вруток изворот на реката Вардар, посета на Св. Јован Бигорски, манастирот Рајчица, ХЕЦ Глобочица,
- Пристигнување и сместување на учениците во локалитетот во попладневните часови,
- Одмор
- 19.00 часот вечера
- Ликовно творење и изложба на тема „Јас патувам“

ВТОР ДЕН

- 07.00 будење и средување на собата
- 7.30 утринска гимнастика
- 8.00 – појадок
- Прошетка низ Охрид, Антички театар, црквата Света Софија, Св. Јован – Канео, Плаошник, стар град,
- 13.00 -14.00 ручек
- Попладневен одмор
- 15.00 – 17.00 се одржуваат часови за говорна и писмена вежба од прошетката (мак.ј), проширување на знаењата преку посета на историски споменици, верски и културни објекти (општество и историја) и решавање на бројни изрази и работа со податоци (математика),
- 17.00 – 19.00 спортски и рекреативни активности,
- 19.00 – вечера
- Вечер за избор на талент, Покажи што знаеш.

ТРЕТ ДЕН

- 07.00 часот будење и средување на собата
- 7.30 утринска гимнастика
- 8.00 – појадок
- Посета на Вевчани, Вевчански извори, посета на Струга, Природо – научен музеј во Струга, спомен куќата на Миладиновци,
- 14.00 часот ручек,
- 15.00 – 17.00 се одржуваат часови за говорна и писмена вежба од прошетката (мак.ј), сликање – изработка на плакат природни убавини – Вевчански извори и решавање на бројни изрази и работа со податоци (математика)
- 17.00 – 19.00 спортски и рекреативни активности,
- 19.00 – вечера
- Забавна вечер со музика и пижама парти.

ЧЕТВРТИ ДЕН

- 07.00 часот будење и средување на собата,
- 7.30 утринска гимнастика
- 8.00 – појадок
- Посета на Битола и пауза,
- Ручек (lunch paket),
- Посета на Велес (музеј),
- Враќање во Скопје во попладневните часови.

Локацијата за изведување на наставата во природа ќе биде определена врз основа на понудата добиена од правните лица кои имаат дозвола да организираат настава во природа, односно ги исполнуваат условите согласно Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и на другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта број 12-10853/1 од 04.08.2025.

РАКОВОДИТЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА

Одделенски наставници: Ангелина Митева V-1, Соња Велјановска V-2 , Елена Костадиновска V-3 одд, Ивана Илковска V-4 одд, Стефанија Славковиќ V-5 одд.

Теми преку кои се планира изведување на наставата се:

- водата, воздухот, сонцето како услов за живот на живата природа;
- животни средини и животни заедници;
- туризам, лов и риболов;
- историјата на мојата земја - историски личности, споменици и верски објекти;
- културно-национално богатство на нашата татковина.

Наставни содржини:

1. Природни науки
- Истражување;
- собирање, средување и креативно претставување на податоци за линијата на истражување „Фактори за растење на растението" или „Фотосинтеза".

2. Македонски јазик
- Известување – поим и примена;
- Креирање приказна (замисли дека си некое растение и раскажи што може да ти се случи, со кого би се здружил...);
- Аугментативи и деминутиви (мало и големо) - поим и примена;
- Рационално користење на водата Писмена вежба „Водата вреди да се штеди“ ЕКО.

3. Физичко образование
- Спортски игри – фудбал;
- Одбојка – примена;
- Спортски игри – кошарка.

4. Општество
- Релјеф, клима и други обележја на РМакедонија – повторување;
- Историско наследство – посета на музеи, историски споменици, верски објекти... - повторување и проширување на знаењата.

5. Математика
- Работа со податоци;
- Линиски и столбест дијаграм;
- Собирање, селекција и организирање на податоци во интеграција со другите наставни содржини кои ќе се работат во текот на Наставата во природа;

- Толкување на линиски и столбести дијаграми;
- Текстуални задачи – содржини со растенија, од областа на историјата и географијата.

6. Ликовно образование
- Локални бои - техника по избор Мотив: „Растенијата покрај вода";
- Сликање - изработка на плакат на тема „Вевчанските извори“.

7. Музичко образование
- Музичка асоцијација за препознавање на музички композиции.

Теми преку кои се планира изведување на наставата се:
- водата, воздухот, сонцето како услов за живот на живата природа;
- животни средини и животни заедници;
- туризам, лов и риболов;
- историјата на мојата земја - историски личности, споменици и верски објекти;
- културно-национално богатство на нашата татковина

ВРЕМЕТРАЕЊЕТО на Наставата во природа е четири дена односно три ноќевања и ќе се реализира во мај 2025 година.
Наставата во природа ќе ја реализираат наставниците и учениците од петто одделение од деветгодишното образование при ООУ „Блаже Конески“, во согласност со најмалку 50% од родителите на секоја паралелка поединечно.

Техничка организација
- Техничката организација ќе ја реализира туристичката агенција која ќе добие на тендер.

Критериум за доделување на договорот за изведување на Наставата во природа е **најниска цена**.
Училиштето како најповолен понудувач ќе го избере понудувачот кој ги исполнува и следниве минимум критериуми:
- хотелско сместување во хотел со најмалку 3 ѕвезди на подрачје на градот Охрид со 3 полни пансиони (вечера, ноќевање, појадок, ручек, ужина), објектот во ко се изведува наставата во природа **мора да има** најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор,опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование
- да е регистриран согласно позитивните прописи во Република Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност;
- да е регистриран најмалку три години пред изведувањето на екскурзијата, излетот или друга вонучилишна активност на учениците од основните училишта
- има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности, по последните три години;

- ги исполнува условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;
- високо туристички автобус со лиценциран водич;
- плаќањето да биде на рати по договор;
- исхраната да е изготвена по норматив и според возраста на учениците, во согласност со препораките од наставниците;
- здравствена заштита и постојан медицински кадар;
- осигурување на учениците;
- училница за изведување на наставата според нормативот за деветгодишно основно образование;
- рекреатори за учениците;
- објект-простор за спортско рекреативен и културно забавен живот;
- физичко обезбедување на објектот.

- **Реализација на ескуризјата без паричен надоместок за најмалку пет ученици од социјално ранливи категории**

***Настава во природа ќе ја реализира Туристичка агенција со А лиценца која што ќе биде избрана од училишната комисија и која што ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми**.*

Начин на финансирање:

- Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителот – старателот.
- Екскурзијата ќе ја реализира туристичка агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми од објавениот тендер од страна на ООУ „ Блаже Конески" општина Аеродром – Скопје.
- Начин на плаќање – директно на трансакциска сметка на агенцијата.

IV.ПРОГРАМА ЗА ДВОДНЕВНА НАУЧНА- РЕКРЕАТИВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА ШЕСТО ОДД. ЗА УЧЕБНАТА 2025/ 2026 ГОДИНА – ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА

Наставна научна екскурзија за 6 одделение

Наставно научната екскурзија, која ќе биде изведена во второто полугодие во мај 2026 година во ООУ „ Блаже Конески"- Аеродром, Скопје.

Наставно научната екскурзија претставува можност за непосредно набљудување на културно-историски споменици и институции

(споменици на видни историски личности значајни за македонската држава, музеи, цркви, архитектонски реткости, археолошки наоѓалишта), како и на природни реткости и убавини. Сето тоа ќе им биде од голема полза на учениците за да можат успешно да реализираат интегрирана настава во која ќе земат учество сите наставни предмети кои задолжително ги следат во шесто одделение. Избраните содржини предвидени за посета и за набљудување, се адекватно избрани и се компатибилни со наставните програми на конкретните наставни предмети.

Содржина и активности

Поаѓање од Скопје кон градот Пробиштип, негово разгледување, посета на манастирот „Гаврил Лесновски“, с.Лесново. Потоа посета на градот Дојран каде е планирано ноќевањето.

Посета и разгледување на градот Струмица- Колешински и Смоларски водопади . Посета на Кратово: Големо градиште с.Коњух. Потоа посета на градот Куманово, опсерваторија „Кокино“ и Човеков камен. Во попладневните часови враќање кон Скопје.

- Посета на градот Пробиштип и манастирот Св.Гаврил Лесновски во с.Лесново, Дојран, Струмица, Кратово и градиште с.Коњух, Опсерваторија „Кокино“ и Човеков камен.
- Систематизирање на знаењата од националната историја
- Организирање на спортски натпревари со цел поттикнување на спортскиот дух кај учениците
- Подготовка и изработка на Извештај од ескурзијата

Ескурзијата ќе ја реализираат одделенските раководители и учениците од шестите одделенија во траење од два дена.

-

Времетраење на екскурзијата: два дена (со едно ноќевање)
Време на реализација во учебната година: мај 2026 година
Локации за посета и правци на патување:
Тргнување од училиштето;
Техничка организација и начин на финансирање:

- хотелско сместување во хотел со најмалку 3 ѕвезди во подрачје на градот Дојран со 1 полн пансион (вечера, ноќевање, појадок, ручек, ужина)
- Високотуристички автобус со лиценциран водич;
- Придружба на медицинско лице;
- Осигурување на учениците;
- Самофинансирање од страна на родителите преку уплатување на жиро-сметката на туристичка агенција.

- **Реализација на ескуризјата без паричен надоместок за најмалку три од вкупниот број ученици од социјално загрозени семејства**

***Научна рекреативна екскурзија ќе ја реализира Туристичка агенција со А лиценца која што ќе биде избрана од училишната комисија и која што ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми**.*

V. ПРОГРАМА ЗА ТРИДНЕВНА НАУЧНА- РЕКРЕАТИВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА ДЕВЕТТО ОДД. ЗА УЧЕБНАТА 2025/ 2026 ГОДИНА – ЗАПАДНИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

Научна - рекреативна екскурзија за IX одделение

Научна- рекреативна екскурзија, која ќе биде изведена во месец мај од учебната 2025/2026 година наменета за учениците од девето одделение од ООУ „ Блаже Конески“- Аеродром, Скопје.

Содржина на активности

Прв ден
Поаѓање од Скопје посета наманастир Св.Јован Бигорски и Рајчица, Дебарско езерои Вевчани и изворите и Струга. Потоа патот продолжува кон Охрид посета на градот и езерото каде е планирано првото ноќевање.
Втор ден
Потоа посета на градот Охрид и Антички театар и Стар град, Плаошник и Канео ,Самоилова тврдинацрква св Софија , св.Наум Охридски ,Наколно живеалиште – Град на вода. Враќање во хотелот.
Трет ден
Разгледување на Битола прошетка низ Широксокак, посета на Хераклеа, посета на градот Прилеп и врква СВ Никола -Варош. Во попладневни часови враќање кон Скопје.

Содржини и активности:
- Посета на манастир Св.Јован Бигорски – Рајчица, Дебарско езеро и Струга,Вевчански извори, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина. Разгледување на Битола и прошетка низ Широксокак, посета на Хераклеа.
- Систематизирање на знаењата од националната историја
- Организирање на спортски натпревари со цел поттикнување на спортскиот дух кај учениците

Техничка организација и начин на финансирање:

- хотелско сместување во хотел со најмалку 3 ѕвезди во подрачје на градот Охрид со 2 полни пансиони (вечера, ноќевање, појадок, ручек);
- Високотуристички автобус со лиценциран водич;
- Придружба на медицинско лице за време на екскурзијата;
- Осигурување на учениците;
- Самофинансирање од страна на родителите преку уплатување на жиро-сметката на туристичка агенција;
- **Реализација на ескуризјата без паричен надоместок за најмалку три ученици од социјално ранливи категории**

***Научна рекреативна екскурзија ќе ја реализира Туристичка агенција со А лиценца која што ќе биде избрана од училишната комисија и која што ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми**.*

1.3.3 Детален опис на предметот на договорот за избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности е даден во техничките спецификации кои се составен дел на барањето за прибирање на понуди.

1.4 Вид на постапка за доделување на договорот за избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности

1.4.1 Договорот за избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности ќе се додели со барање за прибирање на понуди со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весници, од кои во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик, и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот.

1.5 Применливи прописи

1.5.1 Оваа постапка се спроведува согласно со **Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и на другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта број 12-10853/1 од 04.08.2025**година, донесен од страна на министерот за образование и наука и Програмата за екскурзии и други слободни активности во училиштето ООУ „Блаже Конески“, усвоена од страна на Советот на родители, и Училишен одбор.

1.6 Право на учество

1.6.1 Право да достави понуда има секое заинтересирано правно лице - понудувач, кое согласно позитивните прописи во РМ е регистрирано за вршење на соодветна туристичка дејност и кое подигнало барање за прибирање на понуди од договорниот орган. и кое ги исполнува условите и барањата утврдени во оваа тенерска документација.

1.6.2 Понудувачот во рамките на иста постапка за доделување на договор за избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности може да учествува само во една понуда.

1.7 Трошоци за поднесување на понуда

1.7.1 Понудувачот ги сноси сите трошоци поврзани со подготовката и со доставувањето на понудата, а договорниот орган не е одговорен за тие трошоци без оглед на водењето и на исходот од постапката за доделување на договорот за избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности

1.8 Критериум за доделување на договорот за избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности

1.8.1 Критериум за доделување на договорот за избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности е **најниска цена.** За носител на барањето за прибирање на понуди ќе биде избран оној понудувач кој ќе понуди најниска цена, а чија понуда претходно е оценета како прифатлива.

1.9 Спречување на судир на интереси

1.9.1 За спречување на судир на интересите во постапките за доделување на договор за избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување судир на интереси.

1.10 Начин на комуникација

1.10.1 Секое барање, информација, известување и други документи во постапката се испраќаат во писмена форма. Секој документ се евидентира во моментот на испраќање, односно во моментот на примање.

1.10.2 Документите, освен понудата, се испраќаат:

- по пошта,

- или во писмена форма во Архивата на училиштето

2. СПОСОБНОСТ НА ПОНУДУВАЧИТЕ

2.1 Начин на докажување на способноста

2.1.1 Минимални услови кои треба да ги исполнува понудувачот се:

-Да е регистриран согласно позитивните прописи во Република С.Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност;
-Да е регистриран најмалку три години пред изведувањето на екскурзијата, излетот или друга вонучилишна активност на учениците од основните училишта.
-Да има успешно реализирана сопствена аражманска програма во РС Македонија
-Да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;

2.2.1.Со понудата понудувачот задолжително треба да достави придружна документација со која ќе ги докаже

- Документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како правно лице за вршење на соодветна туристичка дејност
- Потврди за реализирана сопствена аражманска програма во РС Македонија
- Изјава дека ги исполнува условите за превоз на групи на деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возила со кои се превезуваат групи на деца
- Изјава за платени влезници со листа на влезници
- Изјава за користење на високо туристички автобуси
- Изјава за ангажирање лекар и туристички водич
- Изјава за ослободување на плаќање на социјални случаеви кои ќе приложат потврда од соодветната институција
- Изјава дека објектот во кој се изведува наставата во природа ќе има најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор,опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование

2.2.2 Бараната документација се поднесува во оригинал или во копија заверена од понудувачот со печат и со потпис на одговорното лице, со назнака “Верно на оригиналот“.

2.2.3 Никакви промени во понудата, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се допуштат од страна на комисијата или од понудувачот .

3. ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

3.1 Содржина на понудата

3.1.1 Понудата треба да биде подготвена врз основа на оригиналното барање за прибирање на понуди и се состои од следниве елементи :

- пополнет образец на понуда составен од општиот дел и финансиска понуда
- документи за утврдување на исполнување на минималните услови предвидени во точка 2.1.
- Потпишан Модел на Договор

3.1.2 Економскиот оператор задолжително треба да ги користи обрасците дадени во оваа документација при што тие мора да се пополнети без никакви измени на нивната форма. Во спротивно понудата може да биде отфрлена како неприфатлива.

3.2 Јазик на понудата

3.2.1 Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата се доставува на македонски јазик.

3.2.2 Печатената литература може да биде и на друг јазик. Договорниот орган го задржува правото во фазата на евалуација на понудите да побара од понудувачот да изврши превод на печатената литература која е поднесена на друг јазик.

3.3 Цена на понудата

3.3.1 Понудувачот во листата на цени ја внесува цената за секој дел поединечно.

3.3.2 Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот, да биде искажана со данок на додадена вредност.

3.3.3 Цената на понудата се пишува со бројки и букви.

3.4 Валута на понудата

3.4.1 Цената на понудата се изразува во денари. Македонскиот денар ќе се користи како валута за евалуација на понудите. Курсната листа која ќе се користи е курсната листа на Народната банка на Република Македонија, а курсевите за размена се оние кои важеле 14 дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

3.5 Период на важност на понудата

3.5.1 Понудите треба да важат најмалку 90 дена од денот на отворањето на понудите, за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Доколку денот на отворањето на понудата е неработен, периодот на важноста на понудата се смета од наредниот работен ден. Понудата што важи за пократок период од предвидениот, договорниот орган ја отфрла како понуда што не одговара на условите.

3.5.2 Доколку договорниот орган процени за потребно може да побара од понудувачот продолжување на периодот на важност на понудата.

3.6 Форма и потпишување на понудата

3.6.1 Понудата се поднесува во еден оригинален примерок**,** испишана со неизбришливо мастило и потпишана од одговорното лице на понудувачот или лице овластено од него. Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, треба да се парафирани од лицето кое ја потпишува понудата.

3.6.2 Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само ако е потпишано или парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

3.7 Запечатување и обележување на понудите

3.7.1 Понуди можат да достават само понудувачи што имаат подигнато заверен примерок на барањето за прибирање на понуди од договорниот орган.

3.7.2 Понудувачот го приложува оригиналниот примерок на понудата со целокупната документација и примероци од печатени изданија во запечатен внатрешен плик на кој се наведува полниот назив и адреса на понудувачот. Така запечатениот внатрешен плик се затвора во надворешен плик кој:

- не содржи информации за понудувачот;
- е адресиран со точна адреса на договорниот орган;
- содржи информација за огласот за доделување на договор за избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности и датумот на кој е објавен;
- во горниот лев агол стои предупредување „Не отворај“, или „Do not open“, за да не се отвора пред времето и датумот за отворање на понудата.

3.7.3 Ако пликовите не се запечатени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за нивно ненавремено и некомплетно пристигнување во неговата архива или за предвремено отворање на понудата.

3.8 Краен рок и место за поднесување на понудите

3.8.1 Краен рок за доставување на понудите е 04***.11.2025год до 13:00 часот***

3.8.2 Понудите се поднесуваат на следнава адреса: ООУ „Блаже Конески”, со седиште на адреса: ул. „ Венијамин Манчуковски” бр.4, 1000 Скопје, со назнака "За барање за прибирање понуди за екскурзии

3.8.3 Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, се отфрла како задоцнета и истата ќе му биде вратена на понудувачот неотворена.

3.9 Алтернативни понуди

3.9.1 Во оваа постапка за доделување на договор за избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности не се дозволени алтернативни понуди.

4. ОТВОРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

4.1 Отворање на понудите

4.1.1 Отворање ќе се одржи 04***.11.2025год во 13:00_ часот***
во ООУ „ Блаже Конески“- Скопје.

4.1.2 Доставените понуди се отвораат една по една, со читање на името на понудувачот, при што се констатира дали се во оригинал, а потоа се пристапува кон читање на понудите по истиот редослед по кој тие се отворени. После тоа се пристапува кон читање на цените на понудата, вклучувајќи какви било попусти и постоењето на гаранција на понудата. Само пропустите кои се прочитани на јавното отворање на понудата ќе се разгледуваат при евалуацијата на понудите. Ниту една понуда нема да биде отфрлена на отворањето на понудите, освен **задоцнетите** понуди.

4.1.3 Комисијата ќе пристапи кон отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

4.1.4 Во текот на отворањето на понудите се води записник.

4.2 Доверливост на процесот на евалуација на понудите

4.2.1 Ниту една информација во врска со разгледувањето, оценката и споредбата на понудите во процесот на евалуација нема да им се откријат на понудувачите или на кои било други лица што не се службено вклучени во тој процес.

5. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ИЗБОР НА ПОНУДУВАЧ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ

5.1 Критериум за доделување на договорот за избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности

5.1.1 Договорниот орган договорот му го доделува на понудувачот кој понудил **најниска** цена

5.2 Известување за доделување на договорот за избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности

5.2.1 Пред истекот на периодот на важење на понудата, а најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда, избраниот најповолен понудувач ќе биде известен во писмена форма дека неговата понуда е прифатена. Во исто време, и сите други понудувачи ќе бидат известени за резултатите од предметната постапка, одлуката кој е најповолен понудувач како и за причините за неизбор на нивната понуда.

5.3 Правна заштита

5.3.1 Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за избор на понудувач за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности.

5.3.2 Неизбраните понудувачи имаат право на жалба, преку училиштето, до градоначалникот на општината, во рок од осум дена од денот на добивањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

Училиштето во рок од три дена од денот на приемот на жалбата, со целокупната документација од спроведената постапка ја доставува до Градоначалникот.

Градоначалникот по жалбата одлучува во рок од 15 дена од денот на добивање на жалбата.

6. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ДОГОВОРОТ

6.1 Начин на плаќање

6.1.1 Се предвидува следниов начин на плаќање - на 3 еднакви рати,од кои едната да се плати пред тргнување на ексурзија,а останатите две рати следните два месеци, освен за еднодневните екскурзии и излети каде начинот на плаќање е пред поаѓањето на излет/екскурзија и плаќањето ке се врши дирекно на сметката на економскиот оператор од страна на родителите. Начинот на плаќање е

задолжителен. Секоја понуда која содржи начин на плаќање поинаков од оној утврден во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за организирање на ескурзии и други слободни активности.

6.2 Гаранција за квалитетно извршување на договорот

6.2.1 Услов за потпишување на договорот со избраниот најповолен понудувач е обезбедување гаранција од страна на избраниот најповолен понудувач за квалитетно извршување на договорот во висина од 5% од вредноста на договорот, која треба да се достави во рок од 3 работни дена од денот на склучување на договорот.

6.2.2 Гаранцијата од точка 1.1 се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

6.2.3 Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот. Договорниот орган по извршениот избор на најповолен понудувач дополнително го утврдува крајниот датум на важност на гаранцијата.

6.2.4 Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

6.2.5 Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот избраниот најповолен понудувач ја доставува по добиеното известување за извршениот избор, а 3 дена по склучување на договорот.

6.2.6 Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: во архивата на училиштето

6.2.7 Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за организирање на ескурзии и други слободни активности во рокот на стасаноста.

6.2.8 Во случај на неисполнување на некоја од обврските од договорот за организирање на ескурзии и други слободни активности согласно договореното, договорниот орган писмено ќе го извести носителот на набавката дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

6.2.9 Доколку договорот за организирање на ескурзии и други слободни активности е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

6.2.10 Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

II. ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

ДЕЛ 1
Организирање на излет за ученици од прво до девето одделение

Опис	Број на ученици	Единечна цена по ученик со вклучен ДДВ	Вкупна цена (единечна цена по ученик помножена по број на ученици)
I до IX одд есенски излет- Скопски регион- Водно - прв ден I до V одд вкупно 737 ученици - втор ден VI до IX одд вкупно 373 ученици	1110		

Опис	Број на ученици	Единечна цена по ученик со вклучен ДДВ	Вкупна цена (единечна цена по ученик помножена по број на ученици)
I до IX одд пролетен излет- Скопски регион- излетничко место парк Гази Баба - прв ден I до V одд вкупно 737 ученици - втор ден VI до IX одд вкупно 373 ученици	1110		

ДЕЛ 2
Организирање на еднодневна екскурзија за ученици од трето одделение

Опис	Број на ученици	Единечна цена по ученик со вклучен ДДВ	Вкупна цена (единечна цена по ученик помножена по број на ученици)
Тргнување од училиштето во утринските часови Посета на градот Тетово	139		

ДЕЛ 3.
ОРГАНИЗИРАЕЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА ВО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

Опис	Број на ученици	Единечна цена по ученик со вклучен ДДВ	Вкупно цена (единечна цена по ученик со ДДВ помножена по број на ученици)
• 08.00часот – организирано тргнување од пред училиштето релација Скопје – Тетово – Гостивар – Дебар – Струга - Охрид • По пат се предвидува посета на Вруток изворот на реката Вардар, посета на Св. Јован Бигорски, манастирот Рајчица, ХЕЦ Глобочица, • Пристигнување и сместување на учениците во локалитетот во попладневните часови, **ВТОР ДЕН** • Прошетка низ Охрид, Антички театар, црквата Света Софија, Св. Јован – Канео, Плаошник, стар град, **ТРЕТ ДЕН** • Посета на Вевчани, Вевчански извори, посета на Струга, Природо – научен музеј во Струга, спомен куќата на	129		

Миладиновци, **ЧЕТВРТИ ДЕН** • Посета на Битола и пауза, • Ручек (lunch paket), • Посета на Велес, • Враќање во Скопје во попладневните часови.			

Напомена: Објектите во кои се изведува настава во природа задолжително треба да имаат најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно училиште во Република Македонија.
Напомена: Во понудената цена да биде вкалкулирана и вредноста на сите влезници при посета на знаменитостите при екскурзијата
Менито за исхрана на учениците се состои во следното:

Прв ден:
Вечера: телешко/пилешко месо со помфрит, салата, компот/ овошен сок, леб, овошје
Втор ден:
Доручек: млеко/чај, мармалад, путер, сирење/ кашкавал, салама, домати, јајца, леб
Ручек: пилешка супа, ориз со пилешко печење , салата, овошен сок, леб, десерт
Ужина: овошје
Вечера: пржени лепчиња со јајца, сирење, јогурт
Трет ден:
Доручек: зденка,салама, домати, јајце варено, јогурт, леб
Ручек: телешка супа, гулаш(јунешко месо) со шпагети, салата, десерт, леб, овошен сок,
Ужина: пудинг/ колач
Вечера: пржена/печена риба со компир салата, компот/ овошен сок, леб
Четврти ден:
Доручек: млеко/чај, еурокрем, мармалад, путер, леб
Ручек**:** пилешки стек, компир, леб**,** овошен сок, десерт (ланч пакет)

Ужина: кифла/кроасан (ланч пакет)

Наставата во природа за петто одделение, ќе се реализира во времетраење од четтири дена. **Локалитет - градот Охрид**
ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА И НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

- Хотелско сместување во хотел со најмалку 3 sвezди со 4 полни пансиони (вечера, ноќевање, појадок, ручек, ужина) во кое што ќе има просторија за работни активности на околу 124 ученици;
  - Високотуристички автобус со лиценциран водич;
  - Да ангажира доктор и рекреатор за цело време на престојот
  - Обезбедување (едно лице)
  - Да се придржува на менито за исхрана согласно прифатената понуда
  - Да обезбеди автобуси кои во целост ќе ги исполнуваат посебните технички барања
  - Со најмногу 4 кревети во соба, посебен тоалет во секоја соба, сала и музика за културно-забавни активности во вечерените часови и спортски терен за одвивање на наставата.
  - Поволности за најмалку пет од вкупниот број ученици од социјално загрозени семејства.
  - На екскурзиите и слободните активности (излет и настава во природа) ќе одат сите класни раководители на одделенијата и образовни асистенти со што економскиот оператор (туристичката агенција) потребно е да ги покрие трошоците за превоз и сместување

ДЕЛ 4
Организирање на дводневна екскурзија за учениците од шесто одделение на следните локалитети:

Опис	Број на ученици	Единечна цена по ученик со вклучен ДДВ	Вкупна цена (единечна цена по ученик со ДДВ помножена по број на ученици)

<u>Прв ден</u> Поаѓање од Скопје кон градот Пробиштип, негово разгледување, посета на манастирот „Гаврил Лесновски“, с.Лесново. Потоа посета на градот Дојран каде е планирано ноќевањето.. **<u>Втор ден</u>** Посета и разгледување на градот Струмица- Колешински и Смоларски водопади . Посета на Кратово: Големо градиште с.Коњух. Потоа посета на градот Куманово, опсерваторија „Кокино“ и Човеков камен. Во попладневните часови враќање кон Скопје.	120		

Напомена: Менито за исхрана на учениците се состои во следното:
Прв ден:
Вечера : Пилешко со помфрит, салата, леб, овошен сок, десерт
Втор ден:
Доручек: 2 парчиња зденка 2 јајца варено,1 јогурт, салама, леб
Ручек**:** пилешки стек, компир, леб**,** овошен сок, десерт (ланч пакет)
Ужина: кифла/кроасан (ланч пакет)
Техничка организација и начин на финансирање:

- Хотелско сместување со 1 полн пансион (вечера, ноќевање, појадок, ручек, ужина);
- Високотуристички автобус со лиценциран водич;
- Придружба на медицинско лице за време на екскурзијата;
- Обезбедување (едно лице)
- Самофинансирање од страна на родителите преку уплатување на жиро-сметката на туристичка агенција;
- Поволности за најмалку три од вкупниот број ученици од социјално загрозени семејства.
- На екскурзиите и слободните активности (излет и настава во природа) ќе одат сите класни раководители на одделенијата и образовни асистенти со што економскиот оператор (туристичката агенција) потребно е да ги покрие трошоците за превоз и сместување

Наставно научната екскурзија, ќе биде изведена во второто полугодие во мај учебната 2025/2026 година во ООУ „ Блаже Конески“- Аеродром, Скопје.

ДЕЛ 5

Организирање на тридневна екскурзија за учениците од завршното деветто одделение на следните локалитети:

Опис	Број на ученици	Единечна цена по ученик со вклучен ДДВ	Вкупна цена (единечна цена по ученик со ДДВ помножена по број на ученици)
Прв ден Поаѓање од Скопје посета наманастир Св.Јован Бигорски и Рајчица, Дебарско езерои Вевчани и изворите и Струга. Потоа патот продолжува кон Охрид посета на градот и езерото каде е планирано првото ноќевање. **Втор ден** Потоа посета на градот Охрид и Антички театар и Стар град, Плаошник и Канео ,Самоилова тврдинацрква св Софија , св.Наум Охридски ,Наколно живеалиште – Град на вода. Враќање во хотелот. **Трет ден** Разгледување на Битола прошетка низ Широксокак, посета на Хераклеа, посета на градот Прилеп и врква СВ Никола - Варош. Во попладневни часови враќање кон Скопје.	87		

Напомена: **Менито за исхрана на учениците се состои во следното:**

Прв ден:

Ручек: супа, телешко со помфрит, салата, леб, овошје

Вечера: пилешко со ориз - помфрит, салата, леб, десерт

Втор ден:

Доручек: 2 јајца/зденка, 2 парчиња путер, салама, домати, мед, чај/млеко
Ручек: супа, пире со свинско/риба, салата, овошен сок, леб, десерт
Вечера: пица, јогурт
Трет ден:
Доручек - бурек со јогурт
Ручек**:** пилешки стек, компир, леб**,** овошен сок, десерт (ланч пакет)
Ужина: кифла/кроасан (ланч пакет)
Техничка организација и начин на финансирање:

- Хотелско сместување со 2 полни пансиона (ручек,вечера, ноќевање, појадок, ручек);
- Високотуристички автобус со агенциски водич;
- Рекреатор за цело време на престојот
- Придружба на медицинско лице за време на екскурзијата;
- Да се придржува на менито за исхрана согласно прифатената понуда
- Обезбедување (едно лице)
- Самофинансирање од страна на родителите преку уплатување на жиро-сметката на туристичка агенција;
- Поволности за најмалку четири од вкупниот број ученици од социјално загрозени семејства.
- На екскурзиите и слободните активности (излет и настава во природа) ќе одат сите класни раководители на одделенијата и образовни асистенти со што економскиот оператор (туристичката агенција) потребно е да ги покрие трошоците за превоз и сместување

НАПОМЕНА (се однесува на сите делови од барањето за прибирање понуди со објавување на оглас):
Договорниот орган не се обврзува да ги реализира екскурзиите и излетите за вкупниот број на горенаведени ученици.
Договорниот орган екскурзиите и излетите планира да ги изведе од 01.05.2026 год. до 31.05.2026 год.Во единечната цена по ученик потребно е да биде вклучено и посебното осигурување на учениците.
На екскурзиите и слободните активности (излет и настава во природа) ќе одат сите класни раководители на одделенијата и образовни асистенти со што економскиот оператор (туристичката агенција) потребно е да ги покрие трошоците за превоз и сместување.
Избраниот понудувач треба бесплатно да ги носи учениците со потврда дека се социјални случаи .

Понудувачот е должен на денот на тргнувањето до одговорното лице на Договорниот орган да достави лекарско уверение не постаро од 6 (шест) месеци и потврда од одговорното лице на превозникот дека истиот не возел 12 часа пред поаѓањето, за секој од деловите од предметот на набавката.
Договорниот орган го задржува правото доколку не се исполнети наведените услови и барања од ова барање за прибирање на понуди да ја запре реализацијата на екскурзијата и другите слободни активности без никаков надомест за трошоците на понудувачот.
Ако за време на екскурзијата и другите слободни активности, ученикот се разболи или повреди, лекарот кој е ангажиран од страна на избраниот понудувач да постапи според своите стручни надлежности и да побара помош во најблиската здравствена установа.

III. ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА

Врз основа на огласот објавен од страна на Општинското основното училиште „Блаже Конекси“ на ден 29.10.2025г. во дневните весници Вечер и Koha Скопје за доделување на договор за Организирање на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Блаже Конески“ и на барањето за прибирање понуди кое го подигнавме од договорниот орган, односно од веб страната на училиштето, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

III.1. ОПШТ ДЕЛ

III.1.1.Име на понудувачот: _____
III.1.2. Контакт информации

Адреса: _____

–Телефон: _____

–Факс: _____

–Е-пошта: _____

–Лице за контакт: _____

III.1.3. Одговорно лице: _____

III.1.4. Даночен број: _____
III.1.5.Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на барање согласно со предмер-пресметката и моделот на договор што се составен дел на оваа понуда.

I.Вкупната цена на нашата понуда за
Дел 1 .1 Организирање на Еднодневен излет (Водно) за сите ученици за учебната 2025/2026 година, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, изнесува: _____ [со бројки] _____) денари. [со букви]
Вкупниот износ на ДДВ изнесува _____ денари.

Дел 1.2 Организирање на Еднодневен излет (излетничко место парк Гази Баба) за сите ученици за учебната 2025/2026 година, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, изнесува: _____ [со бројки] _____) денари. [со букви]
Вкупниот износ на ДДВ изнесува _____ денари.

II. Вкупната цена на нашата понуда за
Дел 2 Организирање на Еднодневна екскурзија за трето одделение за учебната 2025/2026 година вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, изнесува: _____ [со бројки] _____) [со букви] денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува _____ денари.

III. Вкупната цена на нашата понуда за
Дел 3 Органиизирање на Настава во природа за учениците од петто одделение за учебната 2025/2026 година., вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, изнесува: _____ [со бројки] _____) [со букви] денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува_____ денари.

IV. Вкупната цена на нашата понуда за

Дел 4 Организирање на Дводневна научна – рекреативна екскурзија за шесто одделение за учебната 2025/2026 година во Источна Македонија, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, изнесува: _____ [со бројки] _____) [со букви] денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува_____ денари.

V. Вкупната цена на нашата понуда за
Дел 5 Организирање на Тридневна научна – рекреативна екскурзија за деветто одделение за учебната 2025/2026 година во Западна Македонија вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, изнесува: _____ [со бројки]
_____)[со букви]
Вкупниот износ на ДДВ изнесува_____ денари.

Место и датум
_____

Одговорно лице
_____
(потпис и печат)

МОДЕЛ НА Д О Г О В О Р
за организирање на ученички екскурзии и други слободни активности

1. ООУ„Блаже Конески„ со седиште на ул. “Венијамин Манчуковски” бр.4, 1000 Скопје преставувано од Директорот м-р Виолета Ристовска (во понатамошен текст: **Нарачател**
2. _____
_____(во понатамошен текст: **Извршител**).

Член 1

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со организирање на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците во ООУ„Блаже Конески“ од Скопје„ по спроведена постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весници, од кои во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик, и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот, а во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта донесен од страна на Министерот за образование и наука и Програмата за екскурзии и другите слободни активности на учениците од ООУ„Блаже Конески“ од Скопје,за 2025/2026 година одобрена од страна на, Советот на родители и Училишниотодбор на ООУ„Блаже Конески“ Општина Аеродром.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ
Член 2

Предмет на овој Договор е организирање на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ„Блаже Конески“ од Скопје,
Организирањето на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ„Блаже Конески“ од Скопје, ќе се врши во согласност прифатената Понуда на Извршителот _____
Понудата број _____ е составен дел на овој договор.

Член 3

Вкупната вредност на Договорот, согласно Понудата _____ од _____ ._____.2025 година за
Дел 1.1 со вклучен ДДВ изнесува _____ денари,
дел 1.2 со вклучен ДДВ изнесува _____ денари,

Дел 2 со вклучен ДДВ изнесува _____ денари,
Дел 3 со вклучен ДДВ изнесува _____ денари,
Дел 4 со вклучен ДДВ изнесува _____ денари ,
Дел 5 со вклучен ДДВ изнесува _____ денари**.**

Договорните страни се согласија дека вкупната вредност на договорот определена во став 1 од овој член **не мора да биде целосно** исцрпена.
Единечните цени од прифатената понуда, како и вкупната вредност на Договорот се фиксни и непроменливи по било кој основ.
Единечна цена по ученик е со вклучено сместување, превоз и исхрана, а во истата е вклучено и посебно осигурување на учениците.
Договорните страни се согласни дека евентуалните промени на цените на пазарот нема да влијаат на вредноста на овој Договор.
Нарачателот не се обврзува да ги реализира екскурзиите и излетите за вкупниот број на ученици определени во техничката спецификација прилог на овој Договор, односно бројот на ученици за секој дел од предметот на Договорот ќе биде определен во налогот даден од страна на Директорот.

НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Член 4

Извршителот е должен услугите што се предмет на овој договор да ги врши по добиен писмен налог од страна на Нарачателот, во кој ке биде определен бројот на ученици (со наведување на учениците кои патуваат, наставници и образовните асистенти кои ке присуствуваат) датум на поаѓање и враќање и вкупниот број на патници.

Член 5

Извршителот е должен:

- сместувањето на учениците за дел 4 и дел 5 да го изврши во хотел со најмалку 3 ѕвезди и со капацитет од најмалку 30 соби, со најмногу 4 кревети во соба. Хотелот за дел 4 и дел 5 од оваа постапка да биде во хотел и да биде во подрачје дел 4 во подрачје на градот Дојран и дел 5 во подрачје на градот Охрид.
- сместувањето на учениците за дел 3 да го изврши во хотел со најмалку 3 ѕвезди и да биде во подрачјето на градот Охрид со капацитет од најмалку 35 соби, објект кој задолжително треба да има најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно училиште во Република Македонија, со најмногу 4 кревети во соба, посебен тоалет во секоја соба, сала и музика за културно-забавни активности во вечерените часови и спортски терен за одвивање на наставата. Објектот за дел 3 од оваа постапка да биде во подрачјето на градот Охрид.
- да ангажира доктор и рекреатор за цело време на престојот
- да ангажира лиценциран водич
- да се придржува на менито за исхрана согласно прифатената понуда

- да обезбеди автобуси кои во целост ќе ги исполнуваат посебните технички барања и тоа:
- предната десна и задната лева страна од автобусот треба да бидат обележани со посебен знак за превоз на деца
- внатрешноста на автобусот треба да биде чиста и неоштетена (седишта, подови, бочни страници, светлечки тела)
- да имаат исправни уреди за затоплување и проветрување на воздухот во автобусот
- сите седишта да имаат потпирач за глава и за раце
- да биде предвиден простор за чување на еден или повеќе противпожарни апарати
- доколку во автобусот има места за стоење, истите не треба да се користат.
- да има најмалку еден отвор на покривот
- да се климатизирани
- еден ден пред реализацијата на патувањето, да достави до Нарачателот доказ за вонредна техничка исправност на возилото за јавен превоз согласно постојните важечки закони во Република Македонија и записник за извршен вонреден технички преглед на автобусот, не постар од 6 месеци.
- еден ден пред реализацијата на патувањето, да достави до Нарачателот лекарско уверение за возачот на автобусот, кое не е постаро од 6 месеци, а непосредно пред поаѓањето да достави потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот на автобусот не возел 12 часа пред поаѓањето.
- по добивање на налог од страна на директорот, да достави до училиштето доказ за резервација за сместување за бројот на ученици определен во налогот
- до директорот, најдоцна 48 часа пред отпочнување на патувањето, да достави податоци за превозникот кој ќе го изведува патувањето со податоци за регистарски број на автобусите со кои истото ќе се реализира.
- Екскурзиите и настава во природа да ја реализира Туристичка агенција со А лиценца која што ќе биде избрана од училишната комисија и која што ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми**.**

Член 6

Нарачателот е должен:

- Непосредно пред реализацијата на патувањето да провери дали се обезбедени доволен број на автобуси со седишта за добро и безбедно сместување на сите ученици, и дали автобусите во целост ги исполнуваат посебните технички барања наведени во член 5 од договорот.
- Да определи наставници кои ќе присуствуваат на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците во ООУ „Блаже Конески“ - Скопје, во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта, и за истото да го извести Извршителот.
-

Член 7

Патувањето не треба да се изведува во периодот од 22 часот до 06 часот наутро.

НАЧИН, УСЛОВИ И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Нарачателот се обврзува плаќањето за извршените работи да го врши вирмански.
Плаќањето на цената на излетот, еднодневна, дводневна, тридневна и настава во природа ке се врши од страна на родителите на учениците на жиро сметка на туристичката агенција со која училиштето потпишала договор за реализација на излет/ еднодневна/дводневна/тридневна и настава во природа.

Наплатата ќе биде на денот на тргнување на излет и еднодневната ескурзија, додека дводневната, тридневната ескурзија и настава во природа ке бидат исплатени на 3 еднакви месечни рати со што првата рата ке биде исплатена најдоцна до денот на трнување додека останатите рати секој наредeн месец.

ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ, УСЛОВИ И ВАЖНОСТ

Член 9

Извршувањето на договорот Извршителот го гарантира со доставување банкарска гаранција, со која гарантира целосно, навремено и квалитетно исполнување на обврските според условите на овој договор.
Извршителот е должен во рок од 5 (пет) работни дена од денот на потпишувањето на договорот, да му достави на Нарачателот, банкарска гаранција во висина од 5% од вредноста на договорот, со што безусловно гарантира целосно, квалитетно, совесно и навремено извршување на работите и обврските по овој Договор.
Банкарската гаранција за извршување на Договорот важи за целото времетраење на договорот и истата Нарачателот може да ја активира и за време на важењето на договорот и по раскинувањето на договорот поради неисполнувањето на обврските што произлегуваат од овој договор, особено во член 5 од овој договор.
Недоставувањето на банкарската гаранција од став 1 на овој член, претставува основ за раскинување на овој Договорот..

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ
Член 10

Нарачателот има право да го раскине договорот поради неисполнување на обврските на Извршителот, а особено:

- доколку Извршителот еден ден пред реализацијата на патувањето, не достави до Нарачателот доказ за вонредна техничка исправност на возилото за јавен превоз согласно постојните важечки закони во Република Македонија и записник за извршен вонреден технички преглед на автобусот, не постар од 6 месеци.
- Доколку до директорот, најдоцна 48 часа пред отпочнување на патувањето, не достави податоци за превозникот кој ќе го изведува патувањето со податоци за регистарски број на автобусите со кои истото ќе се реализира.
- Доколку извршителот достави податоци за превозникот со регистарски број на автобусите, а не го реализира патувањето со автобусите со истите регистарски броеви што ги доставил до директорот или доколку достави доказ за вонредна техничка исправност за автобуси, а не го реализира патувањето со автобусите за кои ја доставил документацијата за техничка исправност.
- Доколку Извршителот еден ден пред реализацијата на патувањето, не достави до Нарачателот лекарско уверение за возачот на автобусот, кое не е постаро од 6 месеци и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот на автобусот не возел 12 часа пред поаѓањето.
- Доколку автобусот не ги исполнува условите во поглед на техничката исправност определени во член 5 став 1 алинеја 5 од овој договор
- Доколку извршителот не ги исполнува наведените барања, на кои се обврзал при самото поднесување на понудата, во поглед на превоз, сместување и исхрана.

Доколку настапи некоја од причините за раскинување на овој договор, определени во став 1 од овој член Нарачателот може да го раскине договорот, со проста изјава за раскинување на договорот. Нарачателот раскинувањето на договорот, ќе му го соопшти писмено на Извршителот без одлагање. За ден на раскинување на договорот се смета денот кога писмената изјава за раскинување на договорот е уредно доставена до Извршителот согласно член 15 од овој договор.

Нарачателот може да ја активира банкарската гаранција поради неисполнувањето на обврските што произлегуваат од овој договор.

Во случај на раскинување на договорот поради причините наведени во став 1 на овој член, Извршителот е должен да му плати на Нарачателот договорна казна во износ од 20 % од вкупната вредност на Договорот.

Дел од договорната казна, во висина на износот од банкарската гаранција, Нарачателот има право да го наплати од банкарската гаранција.

Во случај ако штетата што ќе ја претрпи Нарачателот заради раскинување на договорот е поголема од договорната казна од став 3 на овој член, Извршителот има обврска да му ја надомести на Нарачателот разликата до целосниот надомест на штетата.

- Нарачателот задолжително ќе го раскине Договорот доколку Извршителот не ја достави банкарската гаранција во договорениот рок.

Доколку Извршителот во рок од 5 дена од денот на склучување на договорот не достави до Нарачателот банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот во износот определен во член 9 став 2 од овој Договор, истиот е должен да му ја надомести штетата на Нарачателот.

Доколку Извршителот во рок од 5 дена од денот на склучување на договорот не достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот, Нарачателот има право да склучи договор со второрангираниот во оваа постапка. Во овој случај, Нарачателот има право на надомест на штета во висина на разликата на цените помеѓу прворангираниот и второрангираниот понудувач односно Извршителот е должен на Нарачателот да му ја исплати разликата во цената која се јавува помеѓу него (избраниот понудувач) и второрангираниот понудувач во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето за надомест на штета, согласно член 15 од овој договор. Освен надомест на штета по овој основ, Нарачателот има право и на договорна казна во висина од 20% од вкупната вредност на овој Договор.

Доколку најповолниот понудувач во оваа постапка се откаже од склучување на Договорот, Нарачателот има право да склучи договор со второрангираниот понудувач во оваа постапка. Во овој случај, Нарачателот има право на надомест на штета во висина на разликата на цените помеѓу прворангираниот и второрангираниот понудувач односно Извршителот е должен на Нарачателот да му ја исплати разликата во цената која се јавува помеѓу него (избраниот понудувач) и второрангираниот понудувач во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето за надомест на штета, согласно член 15 од овој договор.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

Договорот стапува во сила веднаш по неговото потпишување од страна на договорните страни.

Член 12

Времетраењето на овој договор изнесува 8 месеци од денот на неговото потпишување од двете договорни страни, односно најдоцна до 31.06.2026 година.

Член 13

Нарачателот и Извршителот изричито се согласија дека вредноста на овој договор **не мора во целост** да биде исцрпена.

Член 14

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.
Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

Член 15

Договорните страни се согласни доставувањето на сите писма во врска со овој договор да се смета за уредно ако е извршено во архивата на договорните страни или по пошта со препорачана пратка на следната адреса:

За Нарачателот: ***ООУ „Блаже Конески“ на ул. „Венијамин Манчуковски “ бр. 4, Скопје*** и за Извршителот:
_____

Договорните страни се согласни, доколку го променат живеалиштето-седиштето или доколку престојуваат надвор од своето живеалиште, за промената на живеалиштето-седиштето во рок од 3 дена од извршената промена да ја известат по пошта со препорачана пратка или лично со писмено известување, другата договорна страна, а во спротивно ќе се смета дека доставата на писмената е уредно извршена доколку е направен обид писмената да се предадат на наведените адреси во став 1 на овој член, а договорните страни нема да бидат пронајдени на наведените адреси.
Доставата ќе се смета дека е уредно извршена доколку Извршителот го одбие приемот на писмената.

Член 16

Во случај да настанат околности за раскинување на договорот Нарачателот ќе го извести Извршителот за раскинувањето на договорот согласно член 15 од овој договор.

Член 17

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од, Законот за облигациони односи и другите позитивните прописи во Република Македонија.

Член 18

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Член 19

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) за Нарачателот и 2 (два) за Извршителот.

ИЗВРШИТЕЛ

_____
Управител

НАРАЧАТЕЛ
ООУ „Блаже Конески“Општина Аеродром
Директор **м-р Виолета Ристовска**